Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

# БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ НИЗ ФОТОГРАФИИ (1912 – 1913)



Штип, 2025

Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

# БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ НИЗ ФОТОГРАФИИ
(1912 – 1913)

– микроисторија –

Штип, 2025

## ПРЕДГОВОР

Со книгата што е пред нас, започнуваат истражувањата на условно определениот „втор дел" од нашиот продолжителен научноистражувачки интерес кој започна пред три години, со објавувањето на учебникот *Балканските војни и Првата светска војна* (2022), наменет за студентите од групата Историја со археологија при Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип. По заокружувањето на делот во којшто е претставен периодот на Првата светска војна и особено случувањата на Македонскиот фронт, преку целината на книгите: *Лексикон на Македонскиот фронт (1915 – 1918)*, *Алманах на Македонскиот фронт (1915 – 1918)*, *25-от час на Македонскиот фронт (1915 – 1918)* и *Македонскиот фронт низ фотографии (1915 – 1918)*, објавени во текот на 2023 и 2024 година, од оваа година и со оваа книга, според хронолошки преметнатиот но логичен след на нештата, нашиот истражувачки фокус се преместува на периодот на Балканските војни (1912 – 1913), преку целината на книгите во која освен оваа, ќе бидат опфатени уште три книги.

И покрај тоа што основната идеја во оформувањето и издавањето на оваа едиција веќе е елаборирана во соодветните предговори кон нашите претходни книги, чувствуваме потреба и на ова место

накусо да одговориме на прашањето која е целта, или попрво, која е потребата од една ваква книга.

Од аспект на историскиот период што тука се обработува, нема сомнение дека Балканските војни и натаму остануваат траен интерес за различни научни истражувања. Дефинирани како критичен момент во европската историја, кој се случил на почетокот на 20 век, Балканските војни недвосмислено илустрираат како локализираните конфликти можат да имаат далекусежни и долгорочни импликации. Овие војни, во кои беа вклучени Османлиската Империја и различни балкански држави, фундаментално го променија политичкиот пејзаж на Југоисточна Европа, прекројувајќи ги границите на балканските држави и доведувајќи до продолжителни националистички тензии меѓу новоформираните нации. Со оглед на тоа што и европските сили имаа свои интереси во регионот, општоприфатено е гледиштето дека Балканските војни беа претходница на поголема нестабилност, што на крајот придонесе за избувнувањето на Првата светска војна во 1914 година. Уште повеќе, според многу мислења, нерешените прашања кои произлегуваат од Балканските војни ја поставија и основата за сите идни непријателства и трајни ривалства меѓу балканските нации, резултирајќи во предизвици кои опстојуваат и во модерното време.

Тоа е причината што истражувањата на Балканските војни ја задржуваат својата релевантност. Овие историски настани ретко се разгледуваат само во локални рамки, туку повеќе како една поширока и повеќеслојна појава во која се преплетуваат националните амбиции, етничките судири и геополитичките маневрирања, кои продолжуваат

да ја обликуваат општествената реалност на Балканот и денес. Оттука, секој придонес кон разбирањето на овој историски контекст е исклучително важен, затоа што може да има суштинско значење не само во анализата на актуелните општествено-политички прашања туку и во сфаќањето на сложеностите и предизвиците во зачувувањето на мирот и стабилноста во регионот, кој сѐ уште е прогонуван од неговата бурна историја.

Осврнувајќи се на главната содржина на оваа книга, должни сме да посочиме на неколку важни принципи кои ги имавме предвид при нејзиното оформување.

Тргнувајќи од сфаќањето дека фотографијата, дури и во денешната дигитална ера, без сомнение останува ако не примарен тогаш секако витален извор кој може да долови автентични моменти од историските настани, обезбедувајќи визуелни „докази“ за човечките искуства кои стојат зад нив, во оваа книга е направен обид да се мапираат геолокациите на Балканските војни преку оригинални, авторски фотографии направени во современи услови, што, според нашето мислење, може да служи како убедлива алатка за разбирање на историскиот контекст и за оформување на сопствен, индивидуален наратив обликуван од визуелните материјали.

Притоа, во целост бевме свесни дека претставувањето на еден историски настан или период преку фотографии, или воопшто, визуелно, е исклучително сложен и одговорен потфат. Начинот на кој се прикажуваат одредени локалитети може да ја расветли стратешката важност што им се припишува во научните дискурси, но исто така да ги открие и обрасците за нивно вградување

во специфични национални наративи со кои, на некој начин, се контролира јавната перцепција или историското знаење.

Поедноставно кажано, еден значаен аспект што треба има предвид во разгледувањето на книгите со илустративен материјал е влијанието на визуелните наративи врз перцепцијата на јавноста. Познато е дека периодот на Балканските војни досега бил претставен во бројни книги илустрации, составени од карти, цртежи и автентични фотографии, кои, во секој случај, овозможуваат едно поизразено толкување на овие историски настани. Меѓутоа, овие книги, неретко, имале и клучна улога во обликувањето на официјалните национални наративи во врска со војните. Преку застапените материјали, определени историски факти честопати биле „заматувани“, прикажувајќи ги дејствијата извршени од непријателските сили исклучиво како злосторнички додека истовремено сопствените воени напори биле воздигнувани како правични и насочени кон ослободување од туѓата власт.

Нашето настојување во оваа книга, како и во претходните, беше сосема спротивно на ваквите тесно поставени националистички програми. Нашата цел беше да се мапираат и визуелно да се прикажат географските локации каде што се случиле одредени настани поврзани со Балканските војни (онаму каде што тоа беше можно), со минимално, или само неопходно текстуално појаснување и со тоа да се даде придонес во објективно прикажување на настаните во погодените области. А, кога се работи за Балканските војни, тоа е, инаку, исклучително голем предизвик, пред сѐ, затоа што настаните се одвиваат со

молскавична брзина, а на таков начин се менуваат и позициите на спротивставените воени страни, кои притоа не биле фортификациски утврдени, за разлика од воените сили во Првата светска војна, чиишто позиции на утврдување и денес може да се идентификуваат на теренот.

Според нашето длабоко убедување, географската репрезентација, односно разбирањето на географскиот контекст преку фотографии направени во современи услови, може да даде нов увид за настаните од војните, а интегрирањето на овие визуелни информации во историскиот контекст, да овозможи нијансирано разбирање на просторот во однос на историските настани кои се тука предмет на обработка.

Сметаме дека ваквиот пристап не само што ја објаснува улогата на оваа книга, туку го открива и нејзиниот потенцијал во оформувањето на едно алтернативно историско разбирање на Балканските војни, чијашто визуелна историја, на ваков начин, може да ја изгради секој од нас.

*Шѿиӣ – Скоӣје, марѿ 2025* Авторите

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

94(497)”1912/1913”(084.12)
94(497)”1912/13”(084)
355.48(497)”1912/1913”

ЦАЦКОВ, Оливер
Балканските војни низ фотографии : 1912-1913 : микроисторија /
Оливер Цацков, Анита Илиева Николовска ; [илустратор Оливер Цацков]. -
Скопје : НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“, 2025. - 142 стр. :
географ. карти, фотографии ; 21 см

Библиографија: стр. 140-142

ISBN 978-608-242-169-8

1. Илиева Николовска, Анита [автор]
а) Балкански војни -- Историја -- 1912-1913 -- Фотомонографии

COBISS.MK-ID 65526021

д-р Оливер Цацков
д-р Анита Илиева Николовска

БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ НИЗ ФОТОГРАФИИ
(1912 –1913)

Издавач
НУ – У библиотека „Гоце Делчев“ – Штип

Уредници
Оливер Цацков
Анита Илиева Николовска

Лектура
Бранкица Јовева

Илустратор
Оливер Цацков

Компјутерска подготовка
Анита Илиева Николовска

Печат
„Александро Дооел“ – Свети Николе

Тираж
100